ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 8 јуни 2016

# СООПШТЕНИЕ

## Зголемен избор на лекови од различни производители во аптеките и јавните здравствени установи на товар на ФЗОМ




Од 11 јуни годинава, листата на лекови по заштитени имиња на товар на Фондот ќе биде проширена со додавање на 80 нови заштитени имиња на лекови, од 23 различни производители[1] и компании, во рамките на постоечките генерики што е за 4% повеќе лекови за осигурениците отколку досега. Со ова, вкупниот број лекови од различни производители што се достапни за осигурениците на товар на Фондот изнесува 2010 лекови или 52% од регистрираните лекови во државата.

Придобивките кои ги овозможува Фондот со оваа измена се бројни, зголемен е бројот на лекови достапни за осигурениците преку аптеките и болниците, поголем е бројот на лекови без доплата, со тоа се зголемува и конкуренцијата на пазарот на лекови во нашата држава и има можност за натамошно намалување на лековите, со тоа има и заштеда на средствата на осигурениците и поефикасно користење на ресурсите во здравствениот систем.

Дополнувањето на нови регистрирани заштитени имиња на лекови, чии генерики се веќе на Позитивната листа, Фондот го работеше подолго време и го реализираше во соодветна процедура. Имено, фармацевтските компании по регистрирањето на лекот во Агенцијата за лекови, доставуваат барање до Фондот за лекот да добие референтна цена и шифра за да може да биде издаван во аптеките на рецет на товар на Фондот. Овие барања ги разгледува Комисија за утврдување на референтни цени на лекови заедно со останатите податоци од Националниот електронски регистар на лекови и утврдува предлог кој потоа Управниот Одбор на Фондот го

[1] (Replek farm, Deva Holding, Galenika, Actavis, Labormed Pharma, Jaka 80, Krka, Sanovel Ilac, Lek, Pliva, Galenium Health/Cyndea Pharma, Mustafa Nevzat Ilac, Remedica, Nobel Ilac, Alkaloid, NovoNordisk , Anfarm, Accord, Baxter, Alfa Wassermann, XELLIA Pharmaceutical, Sindan, Cooper Pharmaceuticals)

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk



гласа и носи одлука на која министерот дава согласност, по што одлуката се објавува во Службен Весник.




Најновата одлука веќе излезе во Службен Весник, бр 106 од 3 јуни 2016 година и ќе важи од 11 јуни 2016 година.

Изборот на лекови од **примарната позитивна листа** достапни преку 774 аптеки низ целата држава станува побогат за 57 нови лекови по заштитено име, од 48 генерики и наменети за: желудник (omeprazole, pantoprazole), дијабетес, за намалување на нивото на шеќер во крв (glibenclamide, repaglinide), кардио-васкуларен систем, за покачен крвен притисок, за намалување на ниво на масти во крв (amiodarone, verapamil, atenolol, carvedilol, amlodipine, nifedipine, lizinopril, rosuvastatin), епилепсија (levetiracetam), паркинсонова болест (biperiden), воспалителни процеси (betamethasone, methylprednisole), бактериски инфекции (amoxicillin+clavulanic acid, azithromycin, ciprofloksacin), болка, воспаленија, реума (diclofenac, ketoprofen, ibuprofen), простата (dutasteride), алергии (cetirizine, loratadine) и нервен систем (diazepam, sertraline).

Бројот на лекови за генерики од **болничката позитивна листа** кои ги набавуваат клиниките или Министерството за здравство, исто така, се проширува за нови 23 лекови по заштитено име со референтна цена од 18 постоечки генерики, во кои спаѓаат: витамини (ascorbic acid), коагулациони фактори (eptacog alfa), хормони (testosterone), лекови за анемија (iron oxide, saccharated), кортикостероиди (dexamethasone), антибиотици (meropenem, imipenem+cilastatin, colistin),онколошки лекови (gemcitabine, capecitabine, carboplatin, imatinib, triptorelin, letrozole), анестетици (sevoflurane).

Со новото зголемување на избор на лекови се отвора простор за поголема конкурентност меѓу производителите и аптеките, како и нова можност за намалување на цените на лековите. Бројот на осигуреници кои ќе имаат бенефит од зголемениот избор на лекови е огромен. На пример, во 2015 година на примарната листа број на осигуреници кои ги користеле овие генерики

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

изнесува 732.743 осигуреници. Овие осигуреници реализирале 4.799.786 рецепти, а износот кој Фондот го исплатил за овие лекови е 478.647.205 денари. Бројот на осигуреници кои ги користеле овие групи лекови во првите 4 месеци од 2016 година се 429.414 осигуреници, кои што реализирале 1.655.248 рецепти, а износот кој Фондот го исплатил за овој период е 169.064.107 денари.

Буџетот на Фондот за лекови во примарната здравствена заштита за 2016 година е 2,5 милијарди денари и е најголем досега за таа намена.

На примарната листа на лекови на товар на ФЗОМ, се лекови кои се пропишуваат на рецепт од матичните лекари. Наменети се за вонболничко лекување и се издаваат во ПЗУ аптеки кои имаат договор со Фондот. На болничката листа, се лекови кшто поради начинот на аплицирање и од безбедносни причини се применуваат само во болничка, односно специјалистичко-консултативна здравствена заштита. Снабдувањето со лекови на товар на Фондот на секундарно и терцијарно ниво на заштита се извршува директно од јавните здравствени установи или од Министерството за здравство на РМ преку постапки за јавни набавки. Фондот е само купувач на здравствени услуги во чија цена се вклучени и лековите.

Фондот настојува да овозможи што е можно поголема достапност на квалитетни лекови за потребите на осигурениците. Визијата на Фондот е обезбедување квалитетни лекови што на осигурениците во моментов им се достапни во 774 аптеки, на територија на целата држава.

Покрај тоа што во континуитет се проширува палетата на лекови за осигурениците,Фондот прави напори да се обезбедат што повеќе лекови без доплата за осигурениците. Во таа насока, од новите 57 заштитени имиња на примарна листа, 16 од нив се без доплата. Со додавањето на новите лекови по заштитено име, што се присутни на нашиот пазар, бенефитот за осигурениците е во тоа што се зголемува конкуренцијата на пазарот на лекови и осигурениците на Фондот добиваат поголем избор на лекови. Истовремено, тоа значи и можност за натамошно намалување на цените на лековите, заштеда на средствата на осигурениците и поефикасно користење на ресурсите во здравствениот систем.